Врз основа на член 49 став (1) и член 58 од Законот за организација и работа на органите на државната управа(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), на предлог на директорот на Педагошката служба, министерот за образование и наука донесе

**ПРОЦЕДУРА**

**За начинот на спроведување на постапката за одобрување на учебници преку јавен конкурс**

**Предмет**

**Член 1**

Со оваа процедура се пропишува начинот на одобрување на учебници преку конкурс и истата задолжително се применува од страна на сите вработени во Педагошката служба вклучени во постапката за одобрување на учебници преку Конкурс.

**Започнување на постапката**

**Член 2**

Постапката за одобрување на учебници започнува со објавување на Конкурс за учебници (во натамошниот текст: Конкурсот) на интернет страницата на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството).

Директорот на Педагошката служба е должен да го објави Конкурсот кога од Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото), односно Центарот за развој на стручно образование (во натамошниот текст: Центарот) ќе добие нови наставни планови и програми или наставни планови и програми во кои е извршено изменување или дополнување на повеќе од 30% на постојните наставни планови и наставни програми.

Рокот за пријавување на Конкурсот не може да биде пократок од два ниту подолг од шест месеци, а истиот го утврдува директорот на Педагошката служба.

При определување на рокот на Конкурсот, директорот се раководи од потребата за навремено обезбедување на учебниците во основното и средното образование.

**Пријава на Конкурсот**

**Член 3**

Во Конкурсот точно се утврдуваат условите кои треба да ги исполни издавачот и стандардите што треба да ги исполни учебникот, како и документите кои издавачот треба да ги приложи за да може да учествува во постапката за одобрување на учебници.

Издавачот на учебникот на Конкурсот конкурира анонимно и до Педагошката служба задолжително ја приложува следната документација:

- доказ за регистрана издавачка дејност од најмалку пет години;
- податоци за телефонски број, електронска адреса и адреса на седиштето;
- име и презиме на автор/и;

- за авторите уверение или диплома за завршено соодветно образование во оригинал или копија заверена на нотар, а авторите кои имаат завршено образование во странство и решение за признавање на странска високообразовна квалификација, издадено од Министерството во оригинал или копија заверена на нотар;
- потврда за работен стаж за автор/и издадена од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија;
- изјава од автор/и дека:
  - е лице државјанин на Република Северна Македонија, со завршено високо образование кое предава/предавало наставен предмет од иста или сродна област за кој е наменет учебникот и кое има најмалку десет години работно искуство како наставник или соработник во високо образование, односно како наставник во основно или средно образование по наставен предмет од иста или сродна област за кој е наменет учебникот или
  - е лице државјанин на Република Северна Македонија, со завршено високо образование кое предава/предавало наставен предмет во иста или сродна област за кој е наменет учебникот и кое има помалку од десет години работно искуство како наставник или соработник во високо образование, односно како наставник во основно или средно образование по наставен предмет од иста или сродна област за кој е наменет учебникот, за наставните предмети јазик и култура на српската, бошњачка, влашката, турската односно ромската заедница, како и наставните предмети кои за првпат се воведуваат во наставата
- изјава од автор/и дека ракописите се проверени од содржински и технички аспект, дека преземените информации се референцирани и дека не се плагијат,
- доколку името и презимето на автор/и се разликува од името и презимето наведено во уверението или дипломата за завршено образование се приложува доказ за истоветност на податоците, во оригинал или копија заверена на нотар,
- изјава за јазично уредување на текстот или потврда за положен испит за лектор, во оригинал или копија заверена на нотар,
- изјава од издавачот за обезбедени авторски права за илустрациите во ракописот и
- ракопис за учебникот ликовно и графички разработен и јазично уреден во форма на ракопис во пет примероци во печатена форма и еден примерок во електронска форма.

Заради обезбедување на поголема објективност и транспарентност на процесот на рецензија и одобрување на учебниците, во Конкурсот задолжително се наведува дека издавачите со документите од ставот 2 на овој член треба да приложат и потпишана изјава дека се согласни по завршување на постапката по Конкурсот и донесување на одлуките за одобрувањенеодобрување на учебници или за прекин на постапката, сите документи да бидат јавно објавени, како и еден примерок на сите документи скенирани во електронска форма на УСБ стик.

Во постапката за одобрување на учебници преку јавен конкурс формално се разгледуваат документи од став 2 на овој член, а скенираните документи се само заради нивно објавување.

При јавно објавување на документите од ставот 3 на овој член задолжително се почитуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Документацијата од ставот 2 на овој член, се доставува до Педагошката служба во затворен пакет, со назнака „не отворај“.

**Судир на интереси**
**Член 4**

Автор на учебник не може да биде вработен во Министерството, Бирото, Педагошка служба, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Државниот просветен инспекторат, Центарот, Државниот испитен центар, Центарот за образование на возрасните и Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците.

Претседател, заменик претседател и член на Национална комисија за учебници не може да биде автор на учебник.

Претседател и член на рецензентската комисија за ракописи на учебници не може да биде автор на учебник за предметот и одделението за кои се однесува постапката.

Во постапката за одобрување на учебници нема да учествува лице, било како административен службеник, рецензент или член на Националната комисија доколку настане некоја од следните ситуации:

- службеното лице има непосреден или посреден личен интерес во конкретниот предмет;
- службеното лице со странката или со застапникот на странката е роднина по крв во права линија или роднина по крв во странична линија заклучно до четврти степен, брачен другар или партнер од вонбрачна заедница, или роднина по брачниот другар заклучно до втор степен, дури и тогаш кога брачната односно вонбрачната заедница престанала;
- службеното лице со странката или со застапникот или полномошникот на странката е во однос на старател, посвоител, посвоеник или хранител;
- службеното лице или лицата наведени во алинеите 2 и 3 од овој став учествувало во постапката како странка, сведок, вештак, адвокат или застапник на странката;
- службеното лице или лицата наведени во алинеите 1 и 2 од овој став имаат непосреден или посреден интерес во предмет поврзан со конкретниот предмет;
- поведена е судска постапка помеѓу странките и службеното лице или лицата наведени во алинеите 2 и 3 од овој став;
- службеното лице или лицата наведени во алинеите 2 и 3 од овој став се должници или доверители на странките;
- службеното лице остварува надоместок од странката или е член на управниот одбор, надзорниот одбор или слично тело на странката или
- службеното лице или лицата наведени во алинеите 1 и 2 од овој став имаат примено подароци од странките пред или по поведувањето на управната постапка.

Во случаите од ставовите 1 и 2 на овој член, пријавата за конкретниот учебник веднаш се отфрла.

Во случаите од ставот 4 на овој член, службеното лице е должно веднаш да побара изземање од постапката, за оние учебници и во оној дел од постапката во кој има судир на интереси.

**Шифрирање и проверка на документацијата**
**Член 5**

Директорот на Педагошка служба од редот на вработените административни службеници во Педагошка служба, во рок од три дена од завршувањето на Конкурсот со Решение формира Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација (во натамошниот текст: Комисијата за шифрирање и проверка), од член 3 ставови 2 и 3 од оваа Процедура.

Бројот на членови на Комисијата за шифрирање и проверка го утврдува директорот, во зависност од бројот на пристигнати пријави на Конкурсот, имајќи ја во предвид потребата од навремено завршување на постапката.

Заради економичност и ефикасност на постапката директорот, со решението од ставот 1 на овој член ја делегира надлежноста за преземање на сите процесни дејствија во делот на шифрирањето и проверката на Комисијата за шифрирање и проверка, вклучувајќи ја и комуникацијата со Бирото и издавачите.

Членовите на Комисијата за шифрирање и проверка потпишуваат изјава за доверливост.

Сите пристигнати понуди се проследуваат до Комисијата за шифрирање и проверка, а сите дополнително пристигнати затворени пликоа по пошта, дополнително им се предаваат во работа.

Комисијата за шифрирање и проверка започнува со шифрирање и проверка следниот ден по завршување на Конкурсот, а продолжува да ги презема и да ги работи предметите пристигнати по пошта.

Заради обезбедување на тајност на податоците, Комисијата за шифрирање и проверка води посебна деловодна книга и располага со сопствени штембили и печати.

Ниту еден документ добиен од страна на издавачите во рамките на документацијата од членот 3 ставови 2 и 3 од оваа Процедура, до донесување на одлука за одобрување/неодобрување за даден наставен предмет, не смее да биде ставен на располагање на никој друг освен на членовите на Комисијата за шифрирање и проверка.

За спроведеното шифрирање и проверка, Комисијата за шифрирање и проверка задолжително води записник.

**Мислење од Бирото, односно Центарот**
**Член 6**

Во рок од три дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација, Комисијата за шифрирање и проверка шифрираните ракописите за учебници ги доставува до Бирото, односно до Центарот.

Бирото, односно Центарот, доколку нема забелешки на ракописот за учебник, во рок од седум дена од денот на приемот на ракописите за учебници, до Педагошката служба доставува стручно мислење.

Доколку на Конкурсот е доставено само едно барање, а Бирото, односно Центарот има забелешки на ракописот за учебник пред доставување на стручното мислење, истите ги доставува до Педагошката служба.

Во случајот од став 3 на овој член Комисијата за шифрирање и проверка, забелешките ги доставува до издавачот, кој е должен во рок од 14 дена од денот на приемот на забелешките од Бирото, односно Центарот, да постапи по истите и да го достави коригираниот ракопис за учебник до Комисијата за шифрирање и проверка.

Во случајот од став 3 на овој член Бирото, односно Центарот во рок од пет дена од добивањето на коригираниот ракопис за учебник, дава стручно мислење и го доставува до Педагошката служба.

**Рецензија на учебниците**
**Член 7**

По добивање на мислење од Бирото, односно Центарот, Педагошката служба ја известува Националната комисија, која од базата на рецензенти со решение формира рецензентска комисија за ракописите на учебници (во натамошниот текст: Рецензентска комисија).

Сите добиени „позитивни мислења“ од Бирото, односно Центарот, заедно со шифрираните ракописи, Педагошката служба ги проследува до Рецензентската комисија.

Секое мислење во кое не е експлицитно наведено дека е „позитивно мислење“ ќе биде сметано како нецелосно, односно нема да се смета за позитивно.

Рецензентската комисија за ракопис на учебник врши стручно вреднување само на оние ракописи за учебници за кои има добиено позитивно стручно мислење од Бирото, односно Центарот, согласно со Методологијата за вреднување на учебници.

Доколку Рецензентската комисија нема забелешки, во рок од 14 дена од денот на формирање на рецензентската комисија за ракописи на учебник, мислењето го доставува до Педагошката служба.

Доколку на Конкурсот е доставен само еден ракопис за учебник, а рецензентската комисија за ракопис на учебник има забелешки пред доставување на стручното мислење, истите ги доставува до Педагошката служба.

Во случаите од ставот 6 на овој член Комисијата за шифрирање и проверка, забелешките ги доставува до издавачот, кој е должен во рок од 14 дена од денот на приемот на забелешките од рецензентската комисија за ракопис на учебник, да ги отстрани забелешките и да го достави коригираниот ракопис.

Во случаите од ставот 7 на овој член Рецензентската комисија во рок од пет дена од добивање на коригираниот ракопис, доставува мислење до Педагошката служба.

Доколку еден член од Рецензентската комисија се откаже, а останатите два имаат идентично рецензентски мислење, постапката продолжува, а по избор на трет член на истиот му се даваат ракописите и позитивните мислења од

Бирото/Центарот, заедно со рецензентското мислење на двата члена, со кое тој може да се согласи или да даде издвоено мислење.

Доколку еден член од Рецензентската комисија се откаже, а останатите два имаат различно рецензентски мислење, се избира трет член на кој му се даваат ракописите и позитивните мислења од Бирото/Центарот, како и мислењата од останатите два члена.

Членовите на Рецензентската комисија кои во текот на постапката ќе се повлечат од комисијата, не може да бидат избрани за членови на нова Рецензентска комисија во следните 2 години.

**Одобрување на учебниците**

**Член 8**

По добивањето на двете позитивни стручни мислења од Бирото, односно Центарот и Рецензентската комисија, истите со ракописот за учебник, Педагошката служба ги доставува до Националната комисија, која од редот на своите членови определува член известител, кој и доставува извештај на Националната комисија за стручните мислења за ракописите за учебници за наставниот предмет од рецензентската комисија за ракописи на учебници и Бирото, односно Центарот.

Членот известител, во рок од десет дена од денот на приемот на двете позитивни стручните мислења на ракописите за учебници од рецензентската комисија за ракописи на учебници и од Бирото, односно Центарот, како и ракописите за учебници, дава извештај.

Националната комисија ги разгледува стручните мислења за ракописите за учебници по соодветните предмети од рецензентските комисии за ракописи на учебници и од Бирото, односно Центарот, како и ракописите за учебници и одлучува дали стручните мислења и извештајот од членот известител ќе ги прифати или нема да ги прифати.

Националната комисија, по пат на јавно гласање, одлучува за одобрување и употреба на учебник или за невршење избор на ракопис на учебникот. Одлуката може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Против одлуката за одобрување и употреба на учебник или одлуката за невршење избор на ракопис за учебник на Националната комисија, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, незадоволните подносители на барања може да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Жалбата, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По конечност на одлуката за одобрување и употреба на учебникот, Педагошката служба одобрениот учебник го внесува во Каталогот на одобрени учебници.

Учебникот за кој е донесена одлука за одобрување и употреба, во дигитална форма се користи по претходно добиено позитивно мислење од Бирото, односно Центарот.

Ако Националната комисија одлучи за невршење избор на ракопис за учебник, се објавува нов конкурс, односно конкурси.

**Дешифрирање на учебниците**
**Член 9**

По донесување на предлог за одобрување на учебник, Комисијата за шифрирање и проверка ги дешифрира сите податоци од доставените понуди за ракописи за учебниците за кои е донесен предлог за одобрување и ги објавува јавно на веб страната на Министерството за образование и наука

Останатите понуди за ракописи за учебници по наставните предмети за кои постапката е во тек остануваат шифрирани.

**Запирање на постапката**
**Член 10**

Педагошката служба може во секое време со решение да ја запре постапката за одобрување на учебник.

Во случаите од став 1 Педагошката служба може да започне нова постапка согласно потребите.

Против решението од став 1 на овој член е допуштена посебна жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, инспекциски надзор и постапка од работен однос во втор степен.

**Постапка по жалба**
**Член 11**

Во текот на рокот за жалба одлуката за одобрување и употреба на учебник или одлуката за невршење избор на ракопис за учебник на Националната комисија не може да се изврши.

Ако жалбата е испратена непосредно до Педагошката служба, Националната комисија за учебници во рок од седум дена ќе испита дали жалбата е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице.

Недопуштената, ненавремената или од неовластено лице изјавената жалба Националната комисија за учебници ќе ја отфрли со решение, за што е должна во рок од седум дена да ја извести Државната комисија за одлучување во управна постапка, инспекциски надзор и постапка од работен однос во втор степен.

Против решението со кое е отфрлена жалбата, странката има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Кога Националната комисија за учебници ќе утврди дека жалбата е допуштена и потполно оправдана, таа ќе ја замени одлуката за одобрување на учебник со нова одлука и во рок од седум дена од приемот на жалбата ќе ја достави новата одлука до жалителот и до Државната комисија за одлучување во управна постапка, инспекциски надзор и постапка од работен однос во втор степен. Против новата одлука странката има право на жалба.

Кога Националната комисија за учебници ќе утврди дека жалбата е допуштена, а не е потполно оправдана, без одлагање, а најдоцна во рок од седум дена, ќе ја испрати жалбата до Државната комисија за одлучување во управна постапка, инспекциски надзор и постапка од работен однос во втор степен заедно со сите списи од предметот и одговор на жалбата.

Решенијата на Државната комисија за одлучување во управна постапка, инспекциски надзор и постапка од работен однос во втор степен се задолжителни.

**Трошоци на постапката**
**Член 12**

Сите документи од постапката за одобрување на учебници се документи од јавен карактер и ќе бидат јавно објавени на веб страната на Министерството.

Доколку странките и по укажување за достапноста на документите на веб страната инсистираат за увид и копирање, за тоа треба да ги надоместат сите трошоци, кои вклучуваат ангажирање на вработените во Педагошката служба по час на ангажман, како и реалните трошоци за копирање, на жиро сметка на Министерството за образование и наука.

Трошоците од ставот 2 на овој член директорот на Педагошката служба ги определува со решението за назначување на административен службеник одговорен за увид, согласно неговото звање.

**Влегување во сила**
**Член 13**

Оваа процедура влегува во сила со денот на нејзиното донесување и објавување на веб страната на Министерството.

Процедурата е задолжителна за сите лица кои ја спроведуваат постапката за одобрување на учебници.

Сите документи од постапката се дадени во прилог и се составен дел на оваа Процедура.

26-1239/1

27-11-2025 2025

Скопје

Министерка за образование и наука

проф. д-р Весна Јаневска

**ПРИЛОГ – Јавен конкурс**

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" број 3/25 и 74/25), Министерството за образование и наука – Педагошка служба, објавува

**КОНКУРС**
**за учебници во __________________образование**

**1. ОПШТИ УСЛОВИ**

**Нарачател**: Министерство за образование и наука - Педагошка служба

**Предмет на Конкурсот за учебници**: Прибирање понуди за ракописи за учебници за одобрување и издавање по еден учебник за следните наставни предмети:

- __________________**за** _____ **(________) година** гимназиско образование и
- __________________ **за** _____ **(________) година** гимназиско образование.

1.1. Право на учество на Конкурсот за учебници имаат издавачите на учебници во Република Северна Македонија кои ќе ја достават потребната документација пропишана во член 13 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" број 3/25 и 74/25).

1.2. Конкурсот е јавен, отворен и анонимен.

1.3. На конкурсот може да учествува издавач на учебник само со еден ракопис за учебник за еден наставен предмет.

1.4. Автор на учебник не може да биде вработен во Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование, Педагошка служба, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Државниот просветен инспекторат, Центарот за развој на стручно образование, Државниот испитен центар, Центарот за образование на возрасните и Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, претседател, заменик-претседател и член на Националната комисија за учебници за основно и средно образование, како и член на рецензентската комисија.

1.5. Ракописот за учебник се изработува според наставниот план и наставната програма за соодветната година, наставниот предмет и Концепцијата за изработка на учебник.

1.6. Ракописот за учебник треба да ги исполнува условите и стандардите согласно со Концепцијата за изработка на учебник.

1.7. Ракописот за учебник се доставува во 5 (пет) примероци во печатена форма и 1 (еден) примероквоелектронскаформа(CD/USB),ликовно и графички разработен и јазично уреден.

1.7.1. Ракописот за учебник не смее да содржи фотографии, илустрации и содржини преземени од трети лица за кои издавачот нема обезбедено авторски права за користење на истите.

1.7.2. Ракописот за учебник не смее да содржи рекламни пораки, огласи или содржини кои промовираат дискриминација по која било основа за дискриминација предвидена во Уставот на Република Северна Македонија.

1.8.. Не во секој конкурс треба ова да стои.

1.9. Правата и обврскитепомеѓуиздавачот и Министерството за образование и наука, меѓусебносеуредуваатсо договор.

**2. РОКОВИ**

2.1 Рок за доставување на ракописите за учебници е заклучно со година.

**3. КОНКУРСНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

3.1. Конкурсната документација ги содржи: Наставниот план и програма за соодветната година, предмет, Концепцијата за изработка на учебник и Законот за учебници за основно и средно образование.

3.2. КонкурснатадокументацијаможедасепреземевопросториитенаМинистерствотозаобразование и наука - Педагошкаслужба – ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 - Скопје или на следните линкови:

https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/koncepcija-za-izrabotka-na-ucebnik-file-jP5c.pdf
https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/zakoni-mon-file-ktR6.pdf
https://www.bro.gov.mk

**4. ДОСТАВУВАЊЕ РАКОПИСИ ЗА УЧЕБНИЦИ**

4.1. Понудите за ракописи за учебници се доставуваат препорачано по пошта или со доставување во писарницата на Министерството за образование и наука - Педагошкаслужба – ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54 - Скопје, приземје.

4.2. На предната страна на пратката, во горниот лев агол, треба да биде назначено **„НЕ ОТВАРАЈ“** и **„КОНКУРС ЗА ОДОБРУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА УЧЕБНИЦИ“** насловот на ракописот за учебник, година, а во средината адресата: **МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - ПЕДАГОШКА СЛУЖБА, ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 - Скопје**

4.3. Издавачите во доставениот пакет на кој пишува „НЕ ОТВАРАЈ“ треба да достават ракопис за учебник во 5 (пет) примероци во печатена форма и 1 (еден) примероквоелектронскаформа(CD/USB),ликовно и графички разработен и јазично уреден и затворен плик на кој исто така пишува „НЕ ОТВАРАЈ“, со следните податоци и документи:

- доказ за регистрирана издавачка дејност од најмалку пет години;
- податоци за телефонски број, електронска адреса и адреса на седиштето;
- точно име и презиме на авторот/ите;
- уверение или диплома за завршено соодветно образование, во оригинал или копија заверена со нотарски печат (авторите кои имаат завршено образование во странство должни се да достават и решение за признавање на странска високообразовна квалификација издадена од Министерството за образование и наука);
- потврда за работен стаж од авторот/ите издадена од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија;
- изјава од авторот/ите дека ги исполнуваат условите согласно член 10 од Законот за учебници во основно и средно образование;
- изјава од авторот/ите дека ракописите се проверени од содржински и технички аспект, дека преземените информации се референцирани и дека не се плагијат;
- доколку името и презимето на авторот/ите се разликува од името и презимето наведени во уверението или дипломата за завршено образование се приложува доказ за истоветноста на податоците;
- изјава за јазично уредување на текстот или потврда за положен испит за лектор (оригинал или копија заверена со нотарски печат);
- изјава од издавачот за обезбедени авторски права за илустрациите во ракописот и
- изјава од издавачот дека е согласен целокупната документација да биде јавно објавена согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Целокупната документација од оваа точка издавачите треба да ја достават и во електронска форма (ЦД или УСБ) стик, кој ќе бида ставен во затвореното плико.**

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

5.1. Понудите за ракописи за учебници кои нема да бидат доставени во утврдениот рок и оние што не се изработени согласно условите од овој Конкурс, ќе бидат одбиени/отфрлени.

**ПРИЛОГ Записник за примпредавање на ракописи на Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација формирана**
**Бр./ Nr. _______**
**Датум / Data_____ година**

**ЗАПИСНИК**

од примопредавањето на пристигнатите понуди за ракописи за учебници во затворени пакети доставени до писарницата на Министерството за образование и наука - Педагошка служба по објавениот Конкурс за учебници во ___________ образование бр._______ од ______ година, објавен на веб страната на Министерството за образование и наука.

На ден _______ година на веб страната на Министерството за образование и наука е објавен Конкурс за учебници во _______________образование, за следните наставни предмети:

- ________________________ за ___ **одделение/година** во ________ образование;
- ________________________ за ___ **одделение/година** во ________ образование;
- ________________________ за ___ **одделение/година** во ________ образование;
- ________________________ за ___ **одделение/година** во ________ образование;
- ________________________ за ___ **одделение/година** во ________ образование;
- ________________________ за ___ **одделение/година** во ________ образование;
- ________________________ за ___ **одделение/година** во ________ образование;
- ________________________ за ___ **одделение/година** во ________ образование и
- ________________________ за ___ **одделение/година** во ________ образование.

По завршување на Конкурсот директорот на Педагошката служба ги достави сите пристигнати понуди за ракописи за учебници во затворени пакети до Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација формирана со Решение бр._______ од _____ година доставени до писарницата на Министерството за образование и наука - Педагошката служба за следните наставни предмети:

| **Назив на учебникот** | **Архивски број** |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

| Назив на учебникот | Архивски број |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

| Назив на учебникот | Архивски број |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

За горенаведените предмети предадени се вкупно ____ понуди за ракописи за учебници во затворени пакети и тоа:

- за наставниот ___________ за _____ **одделение/година** во ____________________ ______________образование – ___ пакет/и;
- за наставниот ___________ за _____ **одделение/година** во ____________________ _______образование – ___ пакет/и;
- за наставниот ___________ за _____ **одделение/година** во ____________________ _______образование – ___ пакет/и;
- за наставниот ___________ за _____ **одделение/година** во ____________________ образование – ___ пакет/и и
- за наставниот ___________ за _____ **одделение/година** во ____________________ образование – ___ пакет/и.

За наставните предмети:

- _________________________ за ______ **одделение/година** во _______ образование;
- _________________________ за ______ **одделение/година** во _______ образование;
- _________________________ за ______ **одделение/година** во _______ образование;
- _________________________ за ______ **одделение/година** во _______ образование;
- _________________________ за ______ **одделение/година** во _______ образование и
- _________________________ за ______ **одделение/година** во _______ образование.

**ПРЕДАЛ:**
**Директор на Педагошката служба,** ______________________

**ПРИМИЛ:**
**Претседател на Комисија, ------------------------------------------**

**ПРИЛОГ – Решение за формирање на Стручен тим за вршење повторно стручно вреднување на ракописот**

Врз основа на член 9 став 1 алинеа 6 а во врска со член 15 став 4 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25), Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден ___________ година, донесе:

**РЕШЕНИЕ**

За формирање на Стручен тим за вршење повторно стручно вреднување на ракописот за учебник за наставниот предмет ___________ за _____ одделение/година во __________ образование и распуштање на Рецензенската комисија за стручно вреднување на ракопис за учебник по Конкурсот бр._______ од __________ година за наставниот предмет _______ за ____ одделение во основно образование

1. **СЕ ФОРМИРА** Стручен тим за вршење повторно стручно вреднување на ракописите за учебници за наставниот предмет __________ за _____ одделение во ________ образование по Конкурсот бр._______ од _________ година, во состав:
   - __________________________________________________;
   - __________________________________________________ и
   - __________________________________________________.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Стручниот тим од точката 2 на ова Решение да изврши повторно стручно вреднување на ракописите за учебници за наставниот предмет __________ за _____ одделение/година во _______ образование по Конкурсот бр._______ од _________ година, во рок од 14 дена од денот на донесување на оваа Одлука.

3. Со денот на донесување на оваа Решение **СЕ РАСПУШТА** Рецензенската комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници за наставниот предмет _________ за ____ одделение во ______ образование, формирана со Решение бр._______ од ______ година, од Претседателот на Националната комисија за учебници.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

На Конкурсот бр.__________ од ________ година за наставниот предмет ________ за _____ одделение/година во _______________ образование доставени биле _______ ракописи за учебници именувани со шифри _______________. Ракописите за учебници со шифри _________ биле отфрлени бидејќи не исполнувале некои од условите предвидени во Конкурсот.

Педагошката служба ракописите за учебници со шифри _______________ кои ги исполнувале условите од Конкурсот со допис бр. _________ од ________ година ги доставила до Бирото за развој на образованието за доставување стручно мислење. Бирото за развој на образованието со допис бр.________ од ________ година заверен во писарницата на Министерството со бр.________ од ________ година доставило мислење во кое е наведено дека ракописот за учебниците со шифра ____ се усогласени со Наставната програма додека ракописите за учебниците со шифри _____ не се усогласени со Наставната програма.

Со Решение бр._______ од ________ година, формирана е Рецензенската комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници за наставниот предмет ____________ за ___ одделение во _________ образование.

